# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 18.09.2019 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14/ 27/16, 35/18 и 198/2018), член 11 став (4) од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 142/2016 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019), член 7 став (4) од Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2003, 15/2007, 20/2012, 156/2016 и 157/2016), а во врска со член 28 од Закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 11/2018), Шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на, Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија бр. 08-3205/1 од 21.10.2015 година, Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија бр.08-328/1 од 08.02.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 08-219/1 од 29.06.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 08-1023/1 од 06.03.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 08-1023/7 од 17.05.2018 година, на начин што во целокупниот текст зборовите „Република Македонија“се заменуваат со зборовите: „ Република Северна Македонија “.

## Член 2

Во делот „ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА“, во работното место со реден број 22, Шифра УПР УПР0101Г02000, Ниво Г2, Звање Виш референт, Назив на работно место Виш референт за административно-техничка работа, во делот Вид на образование, зборовите „IV/VI“ се заменуваат со зборовите: „IV/ V A“.

## Член 3

Во делот „ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА“, во работното место со реден број 33, Шифра УПР УПР0101Г01000, Ниво Г1, Звање Самостоен референт, Назив на работно

место Самостоен референт за протокол при одржување на протоколарни средби, во делот Вид на образование, зборовите „IV/VI“ се заменуваат со зборовите: „IV/ V A“.

Член 4

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како составен дел на Правилникот, на начин што во целокупниот текст на табеларниот преглед зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „ Република Северна Македонија “.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 08-2051/8

18.09. 2019 година

Шеф на Канцеларијата на Претседателот
на Владата на Република Северна
Македонија

Мирјана Јанева